Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ДТУ Протон Дооел - Скопје, за кастрење на зеленило,** Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) односно намалување на врвовите на стеблата на 16 (шеснаесет) дрва (5 јавори, 3 липи, 3 смрчи, 3 платани, 2 кедари), што се наоѓаат на **ул. "Вера Јоциќ" бр.19 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ДТУ Протон Дооел, ул. "Карпошево востание" бр.4/3-1 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/663** од **30.08.2023** година, за кастрење на дрвата односно намалување на врвовите на стеблата од дрвата што се наоѓаат на **ул. "Вера Јоциќ" бр.19 – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвата потребно е да се искастрат односно намалат врвовите на стеблата од дрвата поради нивната висина, разгранета крошна и гранки кои удираат во фасадата од зградата и надвиснати суви гранки над паркинг просторот.
Согласно член 10, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри, односно намалат врвовите на стеблата од дрвата, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број 14-**6/663/2**
**14.09.2023** година

Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ * СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT * SHKUP